ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203/11
06.03 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став 9 од Законот за вршење сметководствени работи, член 25 став 9 од статутот на Институтот на Сметководители и овластени Сметководители на Република Македонија(скратен назив ИСОС) и деловникот за работење на Надзорниот Одбор при ИСОС, до Собранието на ИСОС и Министерство за Финансии го доставува следниот редовен годишен

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ИЗВРШЕНИТЕ НАДЗОРИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНИ НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ПРИ ИСОС.

Надзорниот одбор при ИСОС во тековната 2016 година ги спроведе следниве активности:

- Го утврди делокругот и надлежноста на својата работа преку усвојување на деловникот за работа на Надзорниот Одбор.
- Членовите на Надзорниот Одбор го разгледаа годишниот редовен извештај за работењето на Управниот Одбор за тековната 2016 година. Извештајот содржеше дел на активности со кои Управниот Одбор ги усвоил сите управно – правни акти за отпочнување со функционирање на институтот. Го формира техничкиот персонал и изврши набавка на опрема на канцелариски мебел и соодветна компјутерска опрема.
- Една од приоритетните задачи, во првиот момент од формирањето на ИСОС, беше организирањето на замена на предходно издадени уверенија за сметководител и овластен сметководител од страна на Министерството за Финансии кои беа од времен карактер. Во точно законски утврден период, по пат на оглас, се реализира прием на барањата за замена на уверенијата, истите од страна на стручните служби на соодветен начин се селектирале и припремале за изготвување и доставување на нови уверенија за Сметководители и овластени Сметководители. Мора да нагласиме дека Управниот Одбор со особено внимание и посветеност ги разгледувал сите доставени барања, а особено барањата кои значеа остварување на правото на трансформирање на уверение за сметководител во уверение за овластен сметководител.
- Надзорниот Одбор на редовна седница ја разгледа годишната сметка на ИСОС за 2016 година. По истата имаше дискусија и беше едногласно одобрена од страна на сите членови на Надзорниот Одбор.
- Воедно беше разгледан и финансискиот извештај за работењето на ИСОС. По истиот имаше дискусија и беше едногласно одобрен од сите членови на Надзорниот Одбор.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДАТ ВО ИДНИНА

Управниот Одбор во почетокот на 2017 година реализира една корисна активност каде претставници од Управниот, Надзорниот и претседателот на собранието при ИСОС непосредно се обратија и одговараа на поставени прашања од страна на сите сметководители кои беа присутни на советувањата за годишна сметка организирани од консалтинг куќите.

Надзорниот одбор, во рамките на своите надлежности не само од аспект на контрола туку и по пат на превентивно делување, треба активно да учествува и во следните активности на Институтот:

- Предлагање на минимален надомест на трошоци за книговодствени услуги и негово гласање на Собрание на ИСОС;
- Завршување на процесот на формирање регистар на сметководители и овластени сметководители при ИСОС;
- Започнување на процесот на регистрирање на Трговските Друштва чија дејност е давање на сметководствени услуги;
- Отпочнување со активна работа на комисиите при ИСОС; и
- Отпочнување со активан работа на подружниците при ИСОС кои се формирани на територија на Република Македонија.

Скопје, 06.03.2017 година

Извесштајот го составиле членовите на НО

1. Сашо Раденковиќ (претседател)
2. Арифе Асипи-Рамадани (член)
3. Орце Наумовски (член)
4. Јане Попоски (член)
5. Благоја Грозданов (член)